Согласно член 20 од Статутот на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Собранието на Комората на седница одржана на 23.03.2026 год. усвои:

РАБОТЕН МАТЕРИЈАЛ

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА СЕВКУПНИ АКТИВНОСТИ И РАБОТА НА КОМОРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА 2025 год.

| *Вкупен број* | *2025* |
|---|---|
| *КАНДИДАТИ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ.......................... вкупно* | 834 |
| 1. *За физичко обезбедување* | 789 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 45 |
| *КАНДИДАТИ - ПОЛАГАЛЕ СТРУЧЕН ИСПИТ........вкупно* | 800 |
| 1. *За физичко обезбедување* | 754 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 46 |
| *ИЗДАДЕНИ ЛИЦЕНЦИ ..............................................вкупно* | 846 |
| 1. *За физичко обезбедување* | 802 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 44 |
| *ИЗДАДЕНИ ЛЕГИТИМАЦИИ.....................................вкупно* | 647 |
| 1. *За физичко обезбедување* | 616 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 31 |
| *ДОЗВОЛИ ЗА РАБОТА (ИЗДАДЕНИ ОД МВР) ........ вкупно* | 15 |
| • *За сопствени потреби* | 2 |
| • *Агенции за обезбедување -физичко* | 6 |
| • *Агенции за обезбедување -техничко* | 7 |

Во тек на 2025 година, Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување ги реализираше следните активности:

АКТИВНОСТИ НАСТАНИ

**26.03.2025 – Меѓународна конференција, ПРИВАТНА ЗАШТИТА 2025, Загреб, Р.Хрватска**

Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска учествуваше на Меѓународната конференција “ПРИВАТНА ЗАШТИТА 2025” во Загреб, Р.Хрватска, со свое излагање на панел насловен: Заштита на критична инфраструктура во Југоисточна Европа.

**10.04.2025 – Посета на студенти од Институт за безбедност одбрана и мир, Филозофски Факултет.**

Студентите од Институтот за безбедност при Филозофскиот факултет во Скопје оствариja работна посета во Комората. Во таа прилика Претседателката м-р Верица Милеска Стефановска пред студентите одржа предавање на тема „Местото и улогата на приватното обезбедување во националниот безбедносен систем".

**29.04.2025 год. – Меморандум за соработка со Националниот совет за родова рамноправност. Работилница: Родот, безбедноста и мирот – предизвици и приоритети со посебен фокус на родовите перспективи во безбедносниот систем.**

Комората за приватно обезбедување потпиша меморандум за соработка со Националниот совет за родова рамноправност и во таа прилика беше организирана Работилница на темата „Родот, безбедноста и мирот – предизвици и приоритети со посебен фокус на родовите перспективи во безбедносниот систем". Агендата на работилницата опфати: претставување на активностите на Комората во областа на зајакнување на жените во приватното обезбедување од страна на генералната секретарка м-р Сања Керметчиева, родовите перспективи во одбраната беа претставени од Полковник Билјана Блажевска- Аѓутантка на Претседателката на државата и Потполковник Александра Доневска, на темата „Жената во војна низ фокусот на известување од воени конфликти" говореше новинарката Кристина Атовска. Модератор на оваа работилница беше Проф д-р Марјан Ѓуровски.

**27.05.2025 – Белград, Р.Србија, Меѓународна регионална конференција, „Заштита на критична инфраструктура, јавни набавки, јавно–приватно партнерство во секторот приватно обезбедување – предизвици, проблеми, јакнење на ефикасноста во реализацијата"**

Конференцијата беше во организација на Стопанска комора на Србија, Здружение на приватно обезбедување и други услужни дејности во Србија.Конференцијата имаше за цел да поттикне размена на искуства, добри практики и да отвори дијалог помеѓу професионалците од областа на приватното обезбедување, што е важен чекор напред во јакнење на регионалната соработка и развој на професионалните стандарди во секторот. Во рамки на Панел 1 – „Заштита на критична инфраструктура: искуства, предизвици, перспективи и јакнење на ефикасноста во реализацијата", свои значајни обраќања имаа: м-р Верица Милеска Стефановска – Претседателка на Комората на РСМ за приватно обезбедување и м-р Горанчо Савовски- Претседател на комисија за вршење на контрола и надзор над правните лица за приватно обезбедување. Нивните излагања беа насочени кон унапредување на пристапите за заштита на критичната инфраструктура,

идентификување на актуелните предизвици и можностите за подобрување на ефикасноста во оваа стратешка област.

**03.06.2025 – Меѓународна научна конференција “Стратегии за безбедност и одбрана: критичен фактор за одржлив мир и национален развој”. 50 години, Институт безбедност, одбрана и мир, Филозофски Факулет во Скопје.**

По повод 50-годишниот јубилеј на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, се одржа меѓународна научна конференција на тема „Стратегии за безбедност и одбрана: критичен фактор за одржлив мир и национален развој”. Конференцијата беше посветена на истражување на безбедносните и одбранбените стратегии како критичен фактор за одржлив мир и национален развој, а се со цел да се придонесе за подобрување на соработката по прашања од заеднички и стратешки интерес за успешно јакнење на институционалните капацитети за справување со безбедносните закани.

Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска, која со својот долгогодишен и иклучителен придонес за равојот и унапредување на Институтот имаше свое поздравно обраќање при што истакнувајќи дека приватниот безбедносен сектор има јасна визија и заложба за континуирана професионализација, стекнување нови знаења и вештини и унапредување во работењето.

**04.06.2025 – Во Брисел, Белгија , Конференција “Technology Meets Security: Shaping the Future of Public Security and Preparedness“.**

Под покровителство на CoESS – Конфедерацијата на европски безбедносни услуги, се одржа конференцијата „Technology Meets Security: Shaping the Future of Public Security and Preparedness“. Овој настан ги собра водечките експерти, институции и иноватори од Европа за да дискутираат за иднината на јавната безбедност во дигиталната ера. На конференцијата присуствуваше и генералната секретарка на Комората, м-р Сања Керметчиева, со што се продолжи и продлабочи соработката со европските партнери во областа на безбедноста.

**02.07.2025 – Специјализирана обука, Народна Банка на РСМ**

Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување организираше специјализирана обука за противпожарна заштита за работниците за приватно обезбедување во Народната банка на Република Северна Македонија, а со цел унапредување на нивната подготвеност и безбедносни капацитети при евентуални вонредни ситуации.

Оваа обука опфати повеќе аспекти од противпожарната заштита, вклучувајќи:

– теоретска едукација за ризици и мерки за заштита од пожари,
– практична обука за ракување со противпожарна опрема и гаснење на пожар,
– сценарија за евакуација и спасување во реални услови и
– основи за давање прва помош на повредени лица од пожар.

Обуката е дел од континуираните активности на Комората за поддршка и унапредување на стручноста и професионалноста во вршење приватно обезбедување. Со ваквите обуки, се засилува капацитетот на работниците за приватно обезбедување и се придонесува кон зголемена ефикасност, брза реакција и заштита на безбедноста на лицата и имотот.

**02-03.10.2025 – Сараево, Р.Босна и Херцеговина, Меѓународна научна конференција CFS25 – “ Crimen- Forensis- securitas 2025 “**

Во рамки на Меѓународната научна конференција CFS25 – “Crimen- Forensis- securitas 2025” организирана од Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедносни студии при Универзитетот во Сараево, Претседателката на Комората на РСМ за приватно обезбедување м-р Верица Милеска Стефановска одржа мастер клас на тема “Улогата на Комората на Р.С. Македонија за приватно обезбедување во соработка со Министерството за внатрешни работи и академската заедница”. Во рамки на Меѓународната научна конференција CFS25 – “ Crimen- Forensis- securitas 2025“ свое излагање имаше и Генералната секретарка на Комората м-р Сања Керметчиева  на тема “Родова компонента во приватната безбедност во Северна Македонија и јакнење на жените за лидерство и менаџмент”.

**08.10.2025 – Свечена академија, 25 години Комора за приватно обезбедување, Хотел Александар Палас, Скопје**

На 08.10.2025 година Комората за приватно обезбедување одбележа 25 години вршење јавни овластувања во приватното обезбедување во нашата држава и се етаблираше како симбол на зрелост, доверба и заштитник  на професијата. По тој повод, на пригодна свеченост беа дадени признанија на експерти, професионалци и институции кои 25 години неуморно ја следат траекторијата на развој на дејност а приватно обезбедување и со својата работа и експертиза даваат континуирана поддршка за напредок на оваа специфична дејност со јавни овластувања. Во знак на искрена благодарност по повод 25 годишниот јубилеј беа доделени плакети и сертификати за членките на Комората, за вршење дејност приватно обезбедување и вложување во заштита и унапредување на стручноста, професионалноста, деловност и заштита на професијата. Компаниите-членки на Комората веќе 25 години ги поддржуваат визионерските идеи на Комората и

проактивно учествуваат во сите активности, што претставува круцијален фактор за натамошниот развој на дејноста.

**08 – 09.10.2025 – Adria security summit 2025 – Скопје**

На 08 и 09 октомври во Скопје се одржа десетто издание на Адриа секјурити самит, како најзначајна регионална платформа што ги обединува сите чинители кои се посветени на создавање побезбедни заедници – претставници на институции, експерти, компании, иноватори и професионалци од областа на безбедноста и технологијата. Во рамки на Адриа секјурити самитот се одржа конференциски дел, во кој беше организиран посебен панел насловен „Научени лекции од инцидентот во Северна Македонија" на кој се укажа на најважните аспекти од работењето на приватното обезбедување, во кој панелисти беа м-р Верица Милеска Стефановска, Горанче Савовски, Проф д-р Александра Деановска Трендафилова и Проф д-р Злате Димовски, а модератор беше м-р Сања Керметчиева. Во рамки на Адриа секјурити самитот беше организиран саемски дел на којшто беа прикажани најновите технички достигнувања за безбедност, противпожарна заштита и други информатички и телекомуникациски решенија

**12.12.2025 – Љубљана, Р.Словенија**

Претседателката м-р Верица Милеска Стефановска, Генералната секретарка на Комората м- р Сања Керметчиева и Проф – др. Александра Деаноска Тредафилова остварија работна посета во Словенечката Зборница за засебно варовање во Љубљана во насока на размена на искуства и добри практики за унапредување на дејноста приватно обезбедување особено во делот на континуирана едукаци и едукација за возрасни.

**17.12.2025 год. – Работна средба за Упатство за начин на вршење надзор над правните лица за приватно обезбедување**

Комората за приватно обезбедување во соработка со Комисијата за надзор и контрола над приватното обезбедување при Министерството за внатрешни работи организираше Работна средба за претставување на новото Упатство за начин на вршење надзор над правните лица за приватно обезбедување. Целта на оваа средба беше детално запознавање на присутните во функција на натамошно ефикасно постапување во вршење надзор и контрола над вршителите на дејноста приватно обезбедување.

Скопје, 23.03.2026 год.